# ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ

ТРАЈНА ВРЕДНОСТ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/5
02.04.2018 год.
СКОПЈЕ

FON
FIRST PRIVATE
UNIVERSITY

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 202**

**Скопје, 02.04.2018**

# С О Д Р Ж И Н А:


1. Рецензија за избор на еден наставник во насловно звање од областа на архитектонско проектирање и дизајн.........................................................3156
2. Рецензија за избор на еден соработник од научната област архитектонско проектирање и дизајн..............................................................................3162
3. Рецензија за оценка на ракопис за авторизирани предавања по предметот казнено процесно право.............................................................................3169
4. Рецензија за оценка на ракопис за авторизирани предавања за казнено право - посебен дел по предметот казнено право.....................................................3172

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ, ВО СОСТАВ НА ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ- ФОН СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот распишан од страна на Првиот приватен универзитет ФОН – Архитектонски факултет во Скопје, објавен во весникот „Слободен печат“ на 20.12.2017 година, за избор на наставник во насловно звање **од областа на Архитектонско проектирање и дизајн**, формирана е Рецензентска комисија во состав:

д-р Дивна Пенчиќ, вонреден професор на Архитектонски факултет, УКИМ - *претседател*
м-р Арбреша Ибрахими, доцент на Архитектонскиот факултет,ФОН - *член*
м-р Лилјана Димевска, доцент на Архитектонскиот факултет, ФОН - *член*

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во насловно звање од **областа на Архитектонско проектирање и дизајн** во предвидениот рок се пријави д-р Милена Шундовска.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Милена Шундовска е родена на 21.03.1985, во Битола. Средно образование завршува во гимназија Јосип Броз Тито во Битола, а високо образование завршува на Архитектонскиот факултет при УКИМ, во Скопје.

Во 2008 година, кандидатот се стекнува со звање дипломиран инженер архитект. Додипломските студии ги заокружува со академски просек 9,29. За време на студирањето, кандидатот покажува особен интерес кон архитектонското проектирање и урбанизмот. Член е на повеќе студентски работилници и летни школи во организација на Архитектонскиот факултет при УКИМ. Во студиската година 2006/7 е прогласена за првенец на генерација со со просек 9,3 во 3-та година, и со просек 10.00 во 4-та година.

Во 2009 година, кандидатот се запишува на магистерски студии на Универзитетот Американ Колеџ на факултетот за Архитектура и дизајн. Студиите ги завршува со академски просек 9.50. Во 2012, кандидатот пријавува тема за истражување со наслов „Редефиницијата на градските простори како предизвик за одржливиот развој на градот Битола''. Во 2013 година, кандидатот се стекнува со стручно звање - магистер по архитектура и дизајн.

Во 2012 кандидатот запишува трет циклус на студии – докторски студии на Политехничкиот факултет во Милано, на Катедрата за архитектонска композиција. Докторската теза е со наслов „Урбана трансформација на Битола преку белешките од урбанистичката планска документација: Проникнување на воената архитектура во урбаните модели - меморија, реалност и можност''. Во 2015 кандидатот се стекнува со научностручно звање - Доктор по технички науки од областа на архитектурата.

Уште од завршувањето на дипломските студии, во 2008 година до денес кандидатот има работно место како архитект и урбан планер во бирото за архитектура и урбанистичко планирање ДООЕЛ '' ФОРМИ '' Битола. Во текот на изминатите години кандидатот учествува на разни конкурси и конференции, автор е на неколку публикации и трудови, а добитник е на две интернационални и неколку домашни награди на темата архитектонско проектирање.

Кандидатот, освен мајчиниот јазик – македонскиот, одлично се служи со англискиот јазиик, односно има степен на познавање на јазикот С1, добро го познава и италијанскиот јазик – степен В2 и германскиот јазик -степен В1

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот работи како овластен архитект во ДППТУ „ФОРМИ – Јорго'' ДООЕЛ. во Битола. Фирмата е специјализирана за архитектонско проектриање, урбанистичко планирање, стручна ревизија на архитектонски проекти и урбанистички планови, елаборати и студии за заштита на животна средина, елаборати и студии за заштита при работа и противпожарна заштита.

Кандидатот ги поседува следниве овластувања: овластување А за изработка на проектна документација од архитектура, овластување А за ревизија на проектна документација од архитектура, овластување А за изработка на проектна документација од инженерство за животна средина, овластување А за ревизија на проектна документација од инженерство за животна средина, овластување А за изработка на проектна документација од противпожарна заштита, овластување А за ревизија на проектна документација од противпожарна заштита, овластување А за изработка на пректна документација за заштита при работа, овластување А за надзор на градби, овластување Б за изведба, овластување А за ревизија на проектна документација за заштита при работа, овластување за изработување на урбанистички планови, овластување за ревизија на урбанистички планови.

Во текот на нејзиното работно искуство има работено на голем број на основни и идејни архитектонски и урбанистички проекти.

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот има учествувано на голем број на работилници, конкурси, летни школи, конференции и други активности од стручно уметничката дејност, како:

РАБОТИЛНИЦИ:

| | |
|---|---|
| 03/2007 | „Уредување на кеј на реката Вардар во Скопје'' |
| Организатор: | Град Скопје<br>Архитектонски факултет |
| Ментор: | Проф. Минас Бакалчев |

| | |
|---|---|
| 06/2008 | "Град / идентитет, Нови предлог решенија за реконструкција на старата чаршија во Скопје" |
| Организатор: | Град Скопје<br>Архитектонски факултет |
| Ментор: | Проф. Maximilian Hartmuth, |
| 10/2008 | "Мастер клас, културни патеки" |
| Организатор: | Град Скопје<br>Архитектонски факултет<br>Амбасада на Италија во Македонија<br>IMG |
| Ментор: | Проф. Минас Бакалчев |
| 03/2012 | "Историскиот град, конзервација и урбана регенерација" |
| Организатор: | Фондација „Политехнико ди Милано" , Италија (Foundation Politecnico di Milano)<br>Универзитет „Политехнико ди Милано", Италија ( Polytechnic University of Milan)<br>Светска Банка (World Bank) |
| Ментор: | Проф. Adalberto Del Bo |
| 03/2013 | "Одржлива, социјална, економска и еколошка ревитализација на историското јадро на градот Мултан" |
| Организатор: | Фондација „Политехнико ди Милано" , Италија (Foundation Politecnico di Milano)<br>Универзитет „Политехнико ди Милано", Италија ( Polytechnic University of Milan)<br>Амбасада на Италија во Исламабад (Embassy of Italy in Islamabad)<br>Италијанска равојна кооперација (Italian development cooperation)<br>Влада на Пакистан (Government of Pakistan, Ministry of Housing and works) |
| Ментор: | Проф. Adalberto Del Bo |
| 03/2014 | "Проекти за Милано. Идеи за градот, од пренамената на касарните и воените подрачја" |
| Организатор: | Универзитет „Политехнико ди Милано", Италија (Polytechnic University of Milan) |
| Ментор: | Проф. Marco Prusicki |

ЛЕТНИ ШКОЛИ:

| | |
|---|---|
| 2007 | 16та Интернационална школа за архитектура на тема "Град за сите"<br>Локација, Манастир Св. Јоаким Осоговски |
| Организатор: | Архитектонски факултет |
| Ментор: | Проф. Dzengis Bektash |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Од аспект на научно истражувачката дејност, д-р Милена Шундовска има остварено две публикации, на тема:

1. Воената политика како алатка за активна деконструкција и пасивно пропагање во поранешните Југословенски градови, ДАКАМ, Истанбул, 2013;

2. Македонското сценарио за трансформација на воените структури во градовите; Касарната во градот Битола како дел од програмата «Старите касарни за нов развој», Универзитет Политехнико ди Милано, Милано, 2013.

Кандидатот има учествувано на следниве конференци:

| | |
|---|---|
| 07/06/2012 – 10/06/2012 | "Градови во трансформација, истражување и дизајн" |
| Организатор: | Универзитет „Политехнико ди Милано", Италија |
| 24/04/2013 – 27/04/2013 | "ARCHHIST'13 Архитектура, политика и уметност. Политиката во историјата на архитектурата како причина и последица" |
| Организатор: | ДАКАМ (DAKAM, Eastern Mediterranean Modern Research) |

**ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС, НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

Кандидатот, во текот на студентските денови и подоцна како изграден архитект, има освоено голем број на академски и професионални награди и признанија како:

АКАДЕМСКИ НАГРАДИ:

| | |
|---|---|
| **2013 - 2014** | Стипендија за талентирани студенти во странство – трет циклус на студии |
| Доделувач: | Република Македонија<br>Министерство за образование |
| **2004 - 2008** | Национална стипендија за талентирани студенти |
| Доделувач: | Република Македонија<br>Министерство за образование |
| **2004 - 2008** | Ослободување од школарина за талентирани студенти |
| Доделувач: | Архитектонски факултет, Скопје<br>Република Македонија |
| **11/12/2006** | Признание за највисок академски просек 9.30/10.00 во генерацијата за семестер V/VI во учебната 2005/06 година (по повод Денот на студентите во Р. Македонија) |
| Доделувач: | Архитектонски факултет, Скопје<br>Република Македонија |

ПРОФЕСИОНАЛНИ НАГРАДИ

| | |
|---|---|
| **02/2009** | **3$^{то}$ место** |
| | Интернационален конкурс за избор на архитектонско урбанистички концепт за обнова на Свети Климентовиот универзитет на Плаошник во Охрид |
| Доделувач: | Министерство за култура на Р.М (Управа за заштита на културното наследство) |
| | Република Македонија |
| **06/2009** | **2$^{то}$ место** |
| | Интернационален конкурс за избор на архитектонско урбанистички концепт за обнова на Свети Климентовиот универзитет на Плаошник во Охрид |
| Доделувач: | Министерство за култура на Р.М (Управа за заштита на културното наследство) |
| | Република Македонија |
| **03/2012** | **1$^{во}$ место** |
| | Конкурс за редизајнирање и реставрација на мостовите во старото градско јадро по течение на реката Драгор во Битола |
| Доделувач : | Општина Битола |
| | Република Македонија |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација накандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја цени научно-истражувачката, стручно-уметничката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Милена Шундовска. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Милена Шундовска поседува научни, стручни и етички квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни,наставно-стручни и соработнички звања на ФОН Унверзитет, ги исполнува сите услови за избор на наставник во насловно звање по стручно-уметнички предмети од областа на Архитектонско проектирање и дизајн на Архитектонскиот факултет при ФОН Универзитет, Скопје. Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при ФОН Универзитет во Скопје, д-р Милена Шундовска да биде избрана **за насловен доцент по стручно-уметничките предмети од областа на Архитектонско проектирање и дизајн на Архитектонскиот факултет при ФОН Универзитет, Скопје.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Дивна Пенчиќ, с.р.– претседател

______________________________

доц.м-р Арбреша Ибрахими, с.р. – член

______________________________

доц. м-р Лилјана Димевска, с.р. – член

______________________________

**РЕЦЕНЗИЈА**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК - АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ**

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот Факултетво, состав на Првиот Приватен Универзитет – ФОН Скопје, на својата седница одржана на 28.12.2017год., по завршениот Конкурс за избор на соработник од областа на архитектонско проектирање и дизајн, објавен на ден **20.12.2017** год. во дневниот весник "Слободен Печат" формира Рецензентска комисија во состав:

**1. Доц. д-р. Мимоза Клековска, претседател**
**2. Доц. М-р. Арбреша Ибрахими, член**
**3., Доц. М-р. Лилјана Димевска, член**

Во тоа својство, по запознавањето со материјалите од Конкурсот, рецензентската комисијата го поднесува следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот за избор и реизбор во наставно- научни и соработнички звања од областа на Архитектонско проектирање и дизајн што го распиша Архитектонскиот Факултет, при Првиот Приватен Универзитет – ФОН, во дневниот весник "Слободен Печат" од 20.12.2017 година се пријави кандидатот:

1. **Едона Арифи Садику**

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТОТ И НЕГОВОТО ПРОФЕСИОНАЛНО РАЗВИВАЊЕ

1. Кандидатката м-р арх. **Едона Арифи Садику**, е родена во Куманово, на 7-ми Јуни 1988 година. Средно гимназиско образование има завршено во С.О.У. "Гоце Делчев" во Куманово. Во 2007 година е запишана на додипломски студии на Државен Универзитет во Тетово, на Факултетот за Применети Науки- насока Архитектура и истите ги има завршено 2012 година (просек 8,1), каде што има одбрането дипломска теза: "Општествен туристички објект - мотел", и се стекна со академско звање Baccalareus по Проектирање. Во 2012 година е запишана на магистерски студии на 'Универзитет Американ Колеџ Скопје' во Скопје, на Архитектонскиот Факултет и истите ги има завршено 2014 година (просек А- (92.4)) со одбрана на магистерскиот труд "Архитектонскиот Контекст на

културата – Проект за културен центар во Куманово“, притоа стекнувајќи се со академско звање магистер инженер архитект. За време на додипломските студии изработила голем број на проекти и семинарски работи. Има учествувано на многу семинари и кампови по различни општествени теми и архитектура.
Кандидатката досега била во пракса како Техничен архитектонски соработник во два бироа во Куманово (2009-2011 година). Истовремено, кандидатката од 1ви Октомври 2014 година работи како помлад асистент при Архитектонскиот факултет во Првиот Приватен Универзитет ФОН, каде што држи различни предмети од обласа на архитектонско проектирање и ентериер.

## II. НАСТАВНО - ЕДУКАТИВНА АКТИВНОСТ

М-р арх. Едона Арифи Садику од 5ти Ноември 2014 год. е избрана како помлад асистент од обласа на Архитектонско Проектирање и Дизајн во првиот приватен универзитет ФОН – Скопје. Истоот месец се вработила во ФОН Универзитет со полно работно време. Во првиот семестар била ангажирана по предметите: Елементи на Архитектонско Проектирање, Моделирање 1, додека паралелно во петти семестар се ангажирала со предметите Ентериер – Внатрешно Уредување 1, Арх. Студио – Внатрешно Уредување 1 и Арх. Студио – Општествени објекти 3.

Во текот на работата, освен горенаведените предмети, кандидатката ги држи и предметите од прв циклус: Основи на архитектонско проектирање, Моделирање 2, Ентериер – Внатрешно Уредување 2, Арх. Студио – Внатрешно Уредување 2, Изборен Проект.

Во вториот циклус на студии, кандидатката држи вежби по предметите: Интегративно Студио 1, Внатрешна Архитектура 1, Архитектонско проектирање на индустриски објекти.

Помл. Асс. М-р Едона Арифи Садику била е член на наставно - научниот совет на Архитектура во Фон Универзитет од Ноември 2014 год. до Јуни 2016 год.

Истотака, во текот на работата кандидатката е член на различни комисии на Архитектура во Фон Универзитет, како:

- Комисија за самоевалуација,
- Комисија за признавање на испити,
- Комисија за верификација на оценки,
- Комисија за уписи

Кандидатката е вклучена на секојдневните консултации со студенти, објаснувајќи ги професионалните проблематики и помагајќи на едукативното и професионалното развивање на студентите.

## III. ПРОФЕСИОНАЛНО - АПЛИКАТИВНА И НАУЧНА АКТИВНОСТ

Помл.асс. м-р Едона Арифи Садику, како асистент при Архитектонскиот факултет на Првиот приватен универзитет ФОН, освен во наставниот процес, истовремено е ангажирана во научно- истражувачката и професионално- апликативната област.

Била ангажирана во проектот 'Фабрика на Знаење' кој се организира секоја година од Универзитетот ФОН, каде учествуваат одредени професори и студенти. Во 2015 година групата за Пасивна Архитектура и Конфорна Куќа, која беше раководена од повеќе професори и асистенти меѓу нив именуваната кандидатка во соработка со професионални градежни фирми, била победник на реализираниот проект.

Учествувала на јавното предавање на архитектот Гезим Пачаризи од: Циклус предавања за архитектурата- Зборувај! Не молчи! организирани од страна на Државниот Универзитет во Тетово во текот на летниот семестар 2016 година, со повеќе гостински предавачи од земјата и странството.

Учевствувала и во повеќе јавни предавања во Скопје и Тетово и тоа: Марио Бота (Скопје 2011), Паул Норитака Танге (Скопје, 2012), Боб Гидинс (Скопје, 2013), Владимир Ладински (Скопје, 2013), Ѓорѓи Констандиноски (Скопје, 2016), Митко Хаџи Пуља (Скопје, 2016), Геза Огоновски (Скопје , 2016), Никола Кипровски (скопје, 2016), ARUP (Скопје, 2012), и тн.

Кандидатката има земено учество во професионални екскурзии, конференци и семинари за архитектура, меѓу кои:

2012 - Архитектонска консултација со Паул Норитака Танге (синот на Кензо Танге) за магистерски идејни проекти, реализирани за време на студирања во Американ Колеџ – Скопје.

16.07. 2012 – 28.07.2012 – ES CAPES – Архитектонска професионална летна школа низ Европа (Венеција, Барцелона, Мадрид, Билбао, Марсеј). Посетени градови и оддржани конференции:
- во Барцелона – COAC Conference, оддржани конференции од светски познати архитекти, придружани на дискусии и семинари Mr. Toshiaki Tange, Mr. Borja Ferrater, Ali Mangera, Mr. Josep Mias, Mr. Toni Casamor

- ESTAB Conference, оддржани конференции од светски познати архитекти,

придружани на дискусии и семинари со Karin Hofert, Joan Florit, Ariadna Perich, LA Col, La Baola, Nacho Lopez, Ignacio Martinez.

- iGuzzini Conference, оддржани конференции од светски познати архитекти, придружани на дискусии и семинари со Mr. Josep Mias, Mrs. Silvia Brandi. Посета во светски архитектонски канцеларии на MiAS, MYAA, ISOZAKI BCN.

- во Мадрид – ETSAM Conference, оддржани конференции од светски познати архитекти, придружани на дискусии и семинари Prof. Javier Ruiz, Lucia Jalon, UNTERCIO, SUMA ARQUIECTURA, Estudio SIC, PKMN, Zuloark

- EXCHANGE! Workshop оддржани работилници со PKMN, Zuloark, Basurama Taller de Casquaria.

- во Билбао – BILBAO RIA 2000 Conference, оддржани конференции од светски познати архитекти, придружани на дискусии и семинари со Jesus Canada, Juan Alvaro Alayo Azcarate, Inaki Aurrekoetxea.

Јули 2013 – Архитектонска и Урбанистичка летна меѓународна школа во Кампусот на Американ Колеџ Скопје, под тематика "Urban Urgency Skopje"

Септември 2013 – архитектонска работилница за јавни простории во Приштина, Косово, организиран од "Kosovo 2.0" со тематика "SnøhettaRethinksPublicSpace".

2013 – учесник на студентска архитектонска изложба БИСТА со архитектонски идејни проекти изработени за време на студии во втор циклус – мастер студии.

Помл.асс. м-р Едона Арифи Садику се ангажирала на повеќе приватни архитектонски идејни и главни проекти во Македонија, главно општина Куманово и општина Липково, во соработка со разни архитектонски бироа. Едни од реализираните проекти и изведбени објекти се:

1). Објект и Локација: Станбено – Деловен Објект, село Матејче, Општина Липково
Инвеститор: Ревиде Алији
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски , "МПМ"
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Јуни 2010 год.

2). Објект и Локација: Станбено – Деловен Објект, село Слупчане, Општина Липково
Инвеститор: Фекрет и Мендим Мустафа
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски , "МПМ"
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Мај 2012 год.

3). Објект и Локација: Станбена Единица, село Слупчане, Општина Липково
Инвеститор: Арбен Исмаили
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски , "МПМ"
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Мај 2012 год.

4). Објект и Локација: Станбена Единица, ул. Карл Маркс, Куманово
Инвеститор: Идриз Идризи
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Јусуф Сефери, Инг. Башким Османи
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Мај 2012 год.

5). Објект и Локација: Станбена Единица, село Ропалце, Општина Липково
Инвеститор: Насер Рамани
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски ,"МПМ"
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Февруари 2012 год.

6). Објект и Локација: Станбена Единица, село Виштица, Општина Липково
Инвеститор: Зијадин Зенељи
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски ,"МПМ"
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Септември 2012 год.

7). Објект и Локација: Станбена Единица, село Опае, Општина Липково
Инвеститор: Фатиме Сељими
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски ,"МПМ"
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Април 2013 год.

8). Објект и Локација: Идеен проект за анекс на Основното Училиште 'Фаик Коница' село Слупчане, Општина Липково
Инвеститор: Општина Липково
Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Април 2014 год.

9). Објект и Локација: Станбена Единица, село Липково, Општина Липково
Инвеститор: Ајет Ајети
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски ,"МПМ"
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Мај 2013 год.

10). Објект и Локација: Станбена Единица, село Опае, Општина Липково
Инвеститор: Неџат Азири
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски ,"МПМ"
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Јуни 2013 год.

11). Објект и Локација: Станбена Единица, село Лојане, Општина Липково
Инвеститор: Муртезан Муртезани
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски ,"МПМ"

Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Ноември 2014 год.

12). Идеен Проект
Објект и Локација: Станбена Единица, село Ваксинце, Општина Липково
Инвеститор: Башким и Нуране Мурати
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Роза Стојанова, Инг. Марјан Поповски , "МПМ"
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Јули 2014 год.

13). Објект и Локација: Партерно Уредување на дворот на зградата на Општина Липково во село Липково
Инвеститор: Општина Липково
Фирма и Одговорен Архитект: М-р. Билјана Спиркоска, М-р Стефан Лазарески, "Тајфа Архитектс",
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Февруари 2015 год.

14). Објект и Локација: Партерно Уредување на дворно место на зградата на детска градинка во село Оризаре, Општина Липково
во село Липково
Инвеститор: Општина Липково
Фирма и Одговорен Архитект: М-р. Билјана Спиркоска, М-р Стефан Лазарески, "Тајфа Архитектс",
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Март 2015 год.

15). Објект и Локација: Партерно Уредување и ограда на дворно место на зградата на основното училиште во село Никуштак, Општина Липково
Инвеститор: Општина Липково
Фирма и Одговорен Архитект: М-р. Билјана Спиркоска, М-р Стефан Лазарески, "Тајфа Архитектс",
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Декември 2015 год.

16). Објект и Локација: Станбена Единица, село Лојане, Општина Липково
Инвеститор: Илбер Нухији
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Бобан Јовановски, Инг. Марјан Димитриески, 'Евгенија План' Куманово
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Декември 2015 год.

17). Објект и Локација: Станбена Единица, село Лојане, Општина Липково
Инвеститор: Аднан Шаќири
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Бобан Јовановски, Инг. Марјан Димитриески, 'Евгенија План' Куманово

Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Јануари 2016 год.

18). Објект и Локација: Станбена Единица, село Лојане, Општина Липково
Инвеститор: Арбен Нухији
Фирма и Одговорен Архитект: Арх. Бобан Јовановски, Инг. Марјан Димитриески, 'Евгенија План' Куманово
Соработник Архитект: Едона Арифи Садику
Година: Декември 2016 год.

## IV. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целосниот преглед на изнесените податоци за научната и стручната дејност, Рецензионата комисија констатира дека кандидатката **Едона Арифи Садику** во целост ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование и одредбите од Статутот на Првиот Приватен Универзитет – ФОН, за избор на соработник во наставно научната област архитектонско проектирање и дизајн.

Комисијата има чест да му предложи на Наставно научниот совет на Архитектонскиот Факултет во состав на ФОН универзитетот - да го избере во звање асистент од областа архитектонско проектирање и дизајн кандидатката м-р арх. Едона Арифи Садику.

**Скопје, Јануари 2018 година**

**Доц. д-р. Мимоза Клековска, с.р.**

______________________________

**Доц. м-р. Арбреша Ибрахими, с.р.**

______________________________

**Доц. м-р. Лилјана Димевска, с.р.**

______________________________

## РЕЦЕНЗИЈА

ЗА РАКОПИСОТ ЗА АВТОРИЗИРАНИ ПРЕДАВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО

Од авторите проф. д-р Стефан Буџакоски и ас.д-р Наташа Тодоровска

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултет за правни науки при Прв приватен универзитет Фон во Скопје, бр.14-1231/3 од 07.03.2018 година, за членови на Рецезентската комисија за рецензирање ЗА РАКОПИСОТ ЗА АВТОРИЗИРАНИ ПРЕДАВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО од д-р Стефан Буџакоски, редовен професор од казнено-правната област и д-р Наташа Тодоровска, асистент од областа на казненото право, избрани се Академик проф. д-р Владо Камбовски и проф.д-р Методија Ангелевски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултет за правни науки при Прв приватен универзитет Фон во Скопје, рецезентите го поднесуваат следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

Предметот Казнено процесно право е задолжителен предмет на Факултетот за правни науки и Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен универзитет Фон, кој се изучува во трета година во VI семестар. Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 460 страни 1,15 големина на фонтот 11. Текстот е поделен на 2 дела општ и посебен дел.

Првиот дел **Општ дел на Кривичното процесно право** е структуиран од 10 поглавја и тоа: 1. Основни поими на казненото процесно право; 2.Историски осврт на казнената постапка; 3. Извори и важење на казненото процено право; 4. Казнено – процесни начела; 5. Казнено - процесни субјекти; 6. Казнено-процесни дејствија; 7. Одлуки во кривичната постапка; 8. Докази и докажување; 9. Доказни средства; Мерки за обезбедување на лица и на предмети во кривичната постапка.

Овој дел е осврт на основните поими на казнената постапка. Секоја глава е поделена со посебни подглавја преку кои се разработуваат теориските поставки на оваа материја. Првата глава која се однесува на основните поими низ подглавјата ги разработува поимите и функциите на казнената постапка, поводите за нејзино подигување како и односот на казнено-процесно право кон другите гранки на правото. Втората глава се однесува на Историски осврт на казнената постапка, додека третот дел се однесува на Изворите и важењето на казненото процесно законодавство. Следната глава се однесува на казнено-процесните начела и тоа поимот, разработка на основните начела, начелата кои се однесуваат на поведувањето и начела кои се однесуваат на водењето на кривичната постапка. Петтата глава се однесува на казнено-процесните субјекти со осврт на судот, јавниот обвинител и специјачен јавен обвинител, обвинетиот и бранителот, приватен тужител, оштетен и жртва, правосудна полиција и

меѓуинституционална соработка и правна помош. Шестата глава се однесува на Казнено-процесни дејствија во која се опфатени поимот, видовите, формата, содржината, времето на извршување, роковите и враќање во поранешн состојба. Седмата глава се однесува на Одлуките во кривичната постапка додека осмата глава е посветена на Докази и докажување каде се разработуваат поимот и видовите докази, доказните теории и постапката на докажување. Следната глава која се однесува на доказните средства ги опфаќа поимот за доказно средство, сведок, вештак, исказ на обвинет, увид и реконструкција, снимка и електорнски доказ, посебни истражни мерки, исправи и материјални докази. Последната глава од првиот дел е посветена на Мерки за обезбедување на лица и на предмети во кривичната постапка и е составена од неколку подглавја и тоа: општо за мерките за обезбедување, мерки за обезбедување лица и мерки за обезбедување на предмети.

Вториот дел насловен како Поим и предмет на посебниот дел на Казненото – процесно право е составен од 7 глави и тоа: 1. Обем на казнената постапка; 2. Претходна постапка; 3. Обвинување; 4. Главна расправа и пресуда; 5. Правни лекови; 6. Забрзани постапки и 7. Посебни постапки.

Во вториот дел се дава приказ на стадиумите на казнената постапка. Во првата глава Обем на казнената постапка се дава приказ на стадиумите на казнената постапка. Втората глава насловена како Претходна постапка има две подглавја и тоа предистражна постапка и истражна постапка. Тртата глава насловена како Обвинување ги разработува обвинителниот акт и оценка на обвинителкиот акт, обвиниелен предлоги и приватна тужба. Следната глава насловена како Главна расправа и пресуда е составена од две подглавја и тоа главна расправа и пресуда. Петтата глава насловена како правни лекови е поделена на две подглавја и тоа редвони правни лекови и вонредни правни лекови. Шестата глава која се однесува на забрзаните постапки се однесува на скратената постапка, донесување на пресуда врз основа на спогодба на јавниот обвинител и осомничениот, постапката за медијација и постапката за издавање казнен налог. Последната глава се однесува на посебните постапки и тоа: Постапка за изрекување алтернативни мерки; Постапка спрема правни лица;Постапка за примена на мерките за безбедност, конфискација на имот и имотна корист, одземање на предмети и отповикување на условна осуда; Постапка за донесување одлука за пократко траење на казната на забрана, престанување на правните последици од осудата и бришење на осудата;Постапка за надоместок на штета, рехабилитација и за остварување на другите права на лица неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода и Потерница и објава.

Сите три дела со своите поглавја претставуваат една функционална целина. Целокупниот разгледан материјал потребен за изучување на предметот Казнено процесно право се јасно и прецизно образложени.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецезентите ценејќи ги потребните критериуми позитивната оценка ја изнесуваат врз основа на следното: предметиниот материјал е прегледен и јасен во содржинска, јазична и научна смисла; делото соодејствува со предметот за кој е наменето односно целосно покривање на предметната програма по предметот Казнено процесно право;со примената на догматскиот, нормативниот, аналитичко-синтетчкиот метод, компаративниот и историско правниот метод му се дава на делото темелна методска разработка и целина; наведувањето на библиографските единици во користената литература укажуваат на доследно следење на измените на оваа динамична категорија; усогласеноста на терминологијата со постојните законски прописи е од посебен интерес во однос на оргиналноста на делото како и исполнувањето на дополнителните елементи кои го олеснуваат користењето на ова дело преку акти од судкста пракса кои се од посебен интрес на ова дело.

Имајќи ги во предвид изнесените позитивни оценки на за ракописот за авторизирани предавања по предметот Казнено процесно право од д-р Стефан Буџакоски, редовен професор од казнено-правната област и д-р Наташа Тодоровска, асистент од областа на казненото право, чест ни е да му предложиме на Наставно – научниот совет на Факултетот при Прв приватен Универзитет Фон во Скопје да го одобри издавањето на Авторизираните предавања.

Рецезенти:

Академик проф. д-р Владо Камбовски, с.р.

_________________________________

Проф.д-р Методија Анѓелески, с.р.

_________________________________

**РЕЦЕНЗИЈА**

НА РАКОПИСОТ ЗА АВТОРИЗИРАНИТЕ ПРЕДАВАЊА ЗА КАЗНЕНО ПРАВО - ПОСЕБЕН ДЕЛ ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРАВО

Од авторот проф. д-р Стефан Буџакоски

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултет за правни науки при Прв приватен универзитет Фон во Скопје, бр.14-1231/3 од 07.03.2018 година, за членови на Рецезентската комисија за рецензирање НА РАКОПИСОТ За АВТОРИЗИРАНИТЕ ПРЕДАВАЊА ЗА КАЗНЕНО ПРАВО - ПОСЕБЕН ДЕЛ ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРАВО од д-р Стефан Буџакоски, редовен професор од казнено-правната област избрани сме Академик проф. д-р Владо Камбовски и проф.д-р Методија Ангелевски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултет за правни науки при Прв приватен универзитет Фон во Скопје, рецезентите го поднесуваат следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Предметот Казнено право е задолжителен предмет на Факултетот за правни науки и Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен универзитет Фон, кој се изучува во втора година во IV семестар. Ракописот кој е предаден на рецензија се однесува на посебниот дел на казненото право и содржи 350 страни 1,15 големина на фонтот 11. Текстот е поделен на 24 дела меѓу кои **Поим, предмет, задачи и основни карактеристики на посебниот дел на казненото право и користената литература**

Првиот дел **Поим, предмет, задачи и основни карактеристики на посебниот дел на казненото право** е структуиран од 3 поглавја и тоа : **1.Поим, предмет,задачи на посебниот дел на казненото право, 2.Основни карактеристики, 3.Метод на проучување на посебниот дел и систем на неговото излагање**

Вториот дел насловен **како Казнени дела против животот и телото** се состои од 6 поглавја и тоа : **1.Дела против животот и телото и човековата агресивност, 2.Дела на лишување од живот, 3.Квалифицирани убиства, 4.Дела на уништување на идниот живот(плодот), 5.Дела на телесно повредување, 6.Другите дела од оваа глава**

Третиот дел **Казнени дела против слободите и правата на човекот и граѓаните** опфаќа 4 поглавја и тоа : **1.Општи забелешки, 2.Дела против еднаквоста**

**на слободите и правата, 3.Дела против слободите, 4.Дела против личните права и другите дела од оваа глава.**

Четвртиот дел насловен како **Казнени дела против изборите и гласањето** содржи 2 поглавја : **1.Општи забелешки и 2.Одделни дела .**

Петтиот дел ги опфаќа **Казнените дела против работните односи** и има 2 поглавја и тоа: **1.Општи забелешки и 2.Кус осврт врз одделните дела**

Шестиот дел насловен како **Казнени дела против честа и угледот** содржи 2 поглавја и тоа : **1.Честа и угледот како објект на заштита и 2.Основни дела против честа и угледот**

Седмиот дел со наслов **Казнени дела против половата слобода и половиот морал** се состои од 3 поглавја и тоа : **1.Општи забелешки, 2.Дела против слободното одлучување во половите односи , 3.Дела против половиот морал**

Во составот на осмиот дел насловен како **Казнени дела против бракот, семејството и младината** се среќаваме со 2 поглавја и тоа : **1.Општи забелешки и 2.Одделни дела**

Деветтиот дел насловен како **Казнени дела против здравјето на луѓето** содржи 2 поглавја и тоа : **1.Општи забелешки и 2.Одделни дела**

Во состав на десеттиот дел насловен како **Казнени дела против животната средина и природата** се среќаваме со 2 поглавја и тоа: **1.Општи забелешки и 2.Одделни дела**

Единаесеттиот дел со наслов **Казнени дела против имотот** во себе содржи 3 поглавја и тоа : **1.Општи забелешки, 2.Дела против подвижниот имот и 3.Дела против имотот воопшто, имотните права и интереси**

Дванаесеттиот дел насловен како **Казнени дела против споменици на културата , архивскиот материјал и природните реткости** содржи 2 поглавја и тоа: **1.Општи забелешки и 2.Осврт врз одделни дела**

Тринаесеттиот дел со наслов **Казнени дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** опфаќа 3 поглавја и тоа : **1.Општи забелешки, 2.Дела против јавните финансии и платниот промет и 3.Дела против стопанството**

Во четиринаесеттиот дел насловен како **Казнени дела против општата сигурност на луѓето и имотот** се наоѓаат 2 поглавја и тоа : **1.Општи забелешки и 2.Одделни дела.**

Во петнаесетти дел со наслов **Казнени дела против безбедноста на јавниот сообраќај** се среќаваме со 2 поглавја и тоа: **1.Општи забелешки и 2.Општи дела**

Шеснаесеттиот дел со наслов **Казнени дела против државата** содржи 7 поглавја и тоа : **1.Општи забелешки, 2.Казнени дела против основите на уставниот поредок, 3. Дела на насилнички,терористички акти, диверзија и саботажа, 4. Дела против надворешната безбедност на државата, 5.Дела на повикување на насилна промена на уставното уредување и предизвикување национална и друга нетрпеливост, 6.Дела на соработка со непријателот, 7.Други дела од оваа глава.**

Во седумнаесеттата глава насловена како **Казнени дела против вооружените сили** се наоѓаат 2 поглавја: **1.Општи забелешки и 2.Одделни дела**

Во осумнаесеттата глава со наслов **Казнени дела против службената должност** се среќаваме со 2 поглавја и тоа: **1.Општи забелешки и 2.Одделни дела против службената должност**

Деветнаесеттата глава насловена како **Казнени дела против правосудството** опфаќа 2 поглавја и тоа: **1.Општи забелешки и 2.Одделни дела против правосудството**

Во дваесеттата глава **Казнени дела против патниот сообраќај** се содржани 2 поглавја и тоа : **1.Општи забелешки и 2. Одделни дела**

Дваесет и првата глава **Казнени дела против јавниот ред** содржи 2 поглавја и тоа :**1.Општи забелешки и 2.Одделни инкриминации**

Дваесет и втората глава насловена како **Казнени дела против човечноста и меѓународното право** содржи 2 поглавја и тоа: **1.Општи забелешки и 2. Одделни дела**

Последната дваесет и трета глава со наслов **Казнени дела содржани во посебни закони** содржи 2 поглавја : **1.Функција и значење на посебните казнени закони и 2.Преглед на казнените дела во посебните закони**

Дваесет и четврта глава ја содржи **литературата.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Со оглед на фактот дека разработуваниот материјал е прегледен и јасен во содржинска и јазична смисла како и неговиот квалитет во научна смисла позитивната оценка е поради соодејствувањето на делото со предметот за кој е наменето односно целосно покривање на предметната програма по предметот Казнено право кој се состои од општ и посебен дел, а делото се однесува конкретно на посебниот дел од овој предмет. Со примената на догматскиот, нормативниот, аналитичко-синтетчкиот метод, компаративнио и историско правниот метод, делото има соодветна методска разработка. Авторот наведува библиографски единици преку кои може да се констатира доследно следење на измените на оваа динамична категорија. Усогласеноста на терминологијата со постојните законски прописи е од посебен интерес во однос на оргиналноста на делото како и исполнувањето на дополнителните елементи кои го олеснуваат користењето на ова дело.

Имајќи ги во предвид изнесените позитивни оценки на **ракописот за Авторизираните предавања за Казнено право - посебен дел по предметот Казнено право од д-р Стефан Буџакоски,** чест ни е да му предложиме на Наставно – научниот совет на Факултетот при Прв приватен Универзитет Фон во Скопје да го одобри издавањето на Авторизираните предавања.

Рецезенти:

Академик проф. д-р Владо Камбовски, с.р.

___________________________________

Проф.д-р Методија Анѓелески, с.р.

___________________________________